Врз основа на член 20 став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18, 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 15 декември 2020 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за изменување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година**

**Член 1**

Во Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година („Службен весник на Република Македонија" бр.22/18, 224/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.18/20), во член 2 став 2 во табелата, во точката 2 „Економски статистики", единствен број на статистичките истражувања (СИ), реден број во рамките на поттемата „2.05.0.1.00/02", назив на СИ „Статистичко истражување за остварување на приходите и извршување на расходите на Општ Буџет на РМ (консолидиран)” во редот 7 текстот „Кратка содржина на СИ" зборовите „Приходи, расходи, суфицит/дефицит и финансирање на истиот" се заменуваат со зборовите „-Приходи, расходи, суфицит/дефицит и финансирање на истиот (Општ Буџет) и -Приходи, расходи, суфицит/дефицит и финансирање на истиот (Буџет на ЕЛС) ".

**Член 2**

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.44-11216/1
15 декември 2020 година
Скопје

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Љупчо Николовски